ПРЕДЛАГАЧ: Владата на Република Македонија

ПРЕТСТАВНИЦИ: Никола Тодоров, министер за здравство

Јовица Андовски, заменик на министерот за здравство

ПОВЕРЕНИЦИ: Насуф Ипчја, државен секретар во Министерството за здравство

Стојанчо Стојковски, раководител на сектор во Министерството за здравство

# ПРЕДЛОГ - ЗАКОН
за изменување и дополнување на Законот за заштита од пушењето, по скратена постапка

Скопје, октомври 2013 година

Република Македонија
ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
бр. 41-6393/1
16.10.2013 година
С к о п ј е

**ДО ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА СОБРАНИЕТО НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

**СКОПЈЕ**

Врз основа на членот 91, алинеја 2 од Уставот на Република Македонија и членовите 132, 137 и 170 од Деловникот на Собранието на Република Македонија, Владата на Република Македонија, Ви поднесува Предлог - закон за изменување и дополнување на Законот за заштита од пушењето, по скратена постапка, што го утврди на седницата, одржана на 16.10.2013 година.

За претставници на Владата на Република Македонија во Собранието се определени Никола Тодоров, министер за здравство и Јовица Андовски, заменик на министерот за здравство, а за повереници Насуф Ипчја, државен секретар во Министерството за здравство и Стојанчо Стојковски, државен советник во Министерството за здравство.

**ПРЕТСЕДАТЕЛ НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

**м-р Никола Груевски**

Подготвил: Никола Пасков
Контролирал: Љубица Р. Димовска
Согласен: Митра Спасовска
Одобрил:Кирил Божиновски

ВОВЕД:

## I. ОЦЕНКА НА СОСТОЈБИТЕ ВО ОБЛАСТА ШТО ТРЕБА ДА СЕ УРЕДИ СО ЗАКОНОТ И ПРИЧИНИ ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ

Материјата која се однесува на заштитата од штетните дејствија на пушењето на тутун и други производи од тутун врз граѓаните, зачувувањето на здрава животна средина, забрана на пушењето во јавни простории и забрана за рекламирање на цигарите е уредена со Закон за заштита од пушењето („Службен весник на Република Македонија“ бр.36/95, 70/03, 29/04, 37/05, 103/08; 140/08; 35/10 и 100/11). Согласно овој закон инспекциски надзор над спроведувањето на одредбите на Законот вршат Државниот пазарен инспекторат, Државниот санитарен и здравствен инспекторат, Државниот просветен инспекторат и Државниот инспекторат за труд. Надлежностите на инспекциските органи се разграничени во зависност од видот на дејноста што се врши во објектите односно просториите. Со цел да се обезбеди економично вршење на надзорот наведените инспекторати, при вршењето на редовните надзори од својата област, се предлага да вршат и надзор над спроведување на одредбите од овој закон во сите објекти и простории.

## II. ЦЕЛИ, НАЧЕЛА И ОСНОВНИ РЕШЕНИЈА

Со решенијата содржани во Предлог Законот ќе се постигне поекономично и координирано спроведување на инспекцискиот надзор над спроведувањето на одредбите од Законот од страна на инспекциските органи, а со тоа и заштита на здравјето на луѓето.

Предлог законот се заснова на истите начела на кои се заснова и Законот за заштита од пушењето

Во Законот е содржано основно решение за вршење на инспекциски надзор над одредбите од Законот од страна на сите инспекциски органи независно од видот на дејноста што се врши во објетотот односно просториите кои се предмет на надзорот.

## III. ОЦЕНА НА ФИНАНСИСКИТЕ ПОСЛЕДИЦИ ОД ПРЕДЛОГОТ НА ЗАКОНОТ ВРЗ БУЏЕТОТ И ДРУГИТЕ ЈАВНИ ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА

Предлог законот за изменување и дополнување на Законот за заштита од пушењето не предизвикува фискални импликации по Буџетот на Република Македонија.

## IV. ПРОЦЕНА НА ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА ПОТРЕБНИ ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ И НАЧИН НА НИВНО ОБЕЗБЕДУВАЊЕ, КАКО И ПОДАТОЦИ ЗА ТОА ДАЛИ СПРОВЕДУВАЊЕТО НА ЗАКОНОТ ПОВЛЕКУВА МАТЕРИЈАЛНИ ОБВРСКИ ЗА ОДДЕЛНИ СУБЈЕКТИ

Предлог законот за изменување и дополнување на Законот за заштита од пушењето не предизвикува фискални импликации по одделни субјекти.

## V. СКРАТЕНА ПОСТАПКА ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ЗАШТИТА ОД ПУШЕЊЕТО

Со оглед на тоа што се исполнети случаите утврдени во член 170, алинеја 1, од Деловникот на Собранието на Република Македонија, односно не е во прашање донесување на сложен и обемен закон, се предлага Законот за изменување и дополнување на Законот за заштита од пушењето, да се донесе по скратена постапка.

ПРЕДЛОГ – ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ЗАШТИТА ОД ПУШЕЊЕТО

Член 1

Во Законот за заштита од пушењето („Службен весник на Република Македонија“ бр.36/95, 70/03, 29/04, 37/05, 103/08; 140/08; 35/10 и 100/11) членот 7 се менува и гласи:

„Инспекциски надзор над спроведувањето на одредбите од овој закон вршат Државниот пазарен инспекторат, Државниот санитарен и здравствен инспекторат, Државниот инспекторат за труд, Управата за јавни приходи и Министерството за внатрешни работи.

Државниот просветен инспекторат врши инспекциски надзор во објектите во кои се врши основно образование, средно образование, високо образование, научни институции, ученички и студентски домови, јавни и приватни воспитно - образовни и згрижувачки установи и игротеки.“

Член 2

Во член 8 во ставот 2 зборовите „министерот на надлежното министерство“ се заменуваат со зборовите „Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен“.

Член 3

Во член 10-а, член 10-б став 1, 3 и 5, член 10-в став 1, 2, 4, 6 и 8, и член 10-г став 1 и 7 по зборот „труд“ се додава запирка и зборовите „даночниот инспектор“.

Член 4

Во член 10-г став 4 по зборот „политика“ се додава запирка и зборовите „односно министерот за внатрешни работи“.

Во ставот 5 по зборот „политика“ се додава запирка и зборовите „односно Министерство за внатрешни работи“.

Во ставот 10 по зборот „политика“ се додава запирка и зборовите „односно министерот за внатрешни работи“.

Член 5

Во членот 10-д став 2 по зборот „образованието“ се додава запирка и зборовите „внатрешните работи“.

Член 6

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

# ОБРАЗЛОЖЕНИЕ НА ПРЕДЛОГ – ЗАКОНОТ

## I. ОБЈАСНУВАЊЕ НА СОДРЖИНАТА НА ОДРЕДБИТЕ НА ПРЕДЛОГ ЗАКОНОТ

Со член 1 се врши измена во член 7 и се дава можност за вршење на инспекциски надзор од страна на надлежните инспекциски органи независно од дејностите кои се вршат во објектите односно просториите, како и можност полициски службеници и даночните инспектори да можат да вршат инспекциски надзор над одредбите на законот.

Со член 2 се врши измена на член 8 и се предлага по изјавена жалба да решава Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен.

Со член 3 се врши дополнување на член 10-а, член 10-б став 1, 3 и 5, член 10-в став 1, 2, 4, 6 и 8, член 10-г став 1 и 7 со даночен испектор како лице кое може да врши контрола на спроведување на законот.

Со член 4 се врши дополнување на членот 10-г со кој е регулирана постапката за порамнување со министер за внатрешни работи односно Министерство за внатрешни работи.

Со член 5 се дополнува членот 10-д со внатрешни работи во делот на уредување на постапката за порамнување.

## II. МЕЃУСЕБНА ПОВРЗАНОСТ НА РЕШЕНИЈАТА СОДРЖАНИ ВО ПРЕДЛОЖЕНИТЕ ОДРЕДБИ

Решенијата содржани во предложените одредби се меѓусебно поврзани во функција на соодветна практична имплементација на предметниот закон.

## III. ПОСЛЕДИЦИ ШТО ЌЕ ПРОИЗЛЕЗАТ ОД ПРЕДЛОЖЕНИТЕ РЕШЕНИЈА

Со предложените решенија ќе се обезбеди поекономично спроведување на инспекцискиот надзор над спроведувањето на одредбите од Законот а со тоа и заштита на здравјето на луѓето од штетното влијание на тутунот.

Текст на одредбата од Законот за заштита од пушењето („Службен весник на Република Македонија“, бр.36/95, 70/03, 29/04, 37/05, 103/08; 140/08; 35/10 и 100/11) што се менуваат и дополнуваат

Член 7

Инспекциски надзор над спроведувањето на одредбите од овој закон вршат Државниот пазарен инспекторат, Државниот санитарен и здравствен инспекторат, Државниот просветен инспекторат и Државниот инспекторат за труд.

Државниот пазарен инспекторат врши инспекциски надзор во објекти во кои се произведува, подготвува, служи, продава или консумира храна, интернет кафеа и објекти за продажба на непрехранбена стока и над спроведувањето на одредбата од членот 4 на овој закон.

Државниот санитарен и здравствен инспекторат врши инспекциски надзор во јавни и приватни здравствени установи, социјални установи, во објекти во кои се врши воспитно - згрижувачка дејност (градинки), објекти и превозни средства во меѓународен јавен превоз.

Државниот просветен инспекторат врши инспекциски надзор во објектите во кои се врши основно образование, средно образование,високо образование, научни институции, ученички и студентски домови, јавни и приватни воспитно - образовни и згрижувачки установи и игротеки.

Државниот инспекторат за труд врши инспекциски надзор во органи на државната управа, установи и институции во органите на локалната самоуправа во кои се одржуваат состаноци и средби, други јавни простории (сали, канцеларии, работни простории, чекални, ходници и слично), објекти и превозни средства во домашниот јавен превоз, жичари и ски - лифтови, затворени и отворени простории во кои се одржуваат спортски натпревари, културни и забавни манифестации, собири и други јавни приредби.

Член 8

Надлежниот инспектор во преземањето мерки согласно со овој закон, донесува решенија.

Против решението од став 1 на овој член може да се поднесе жалба до министерот на надлежното министерство во рок од осум дена од денот на добивањето на решението.

Жалбата против решението на инспекторот не го одлага извршувањето на решението.

Доколку при вршење на инспекцискиот надзор инспекторот утврди дека во јавните простории од членот 2 став 1 точка 10 на овој закон се пуши ќе донесе решение за привремена забрана за вршење на дејност во траење од седум дена за трговец поединец и 15 дена за правно лице.

Член 10-а

Кога државниот пазарен инспектор, државниот санитарен и здравствен инспектор, државниот просветен инспектор, државниот инспектор за труд и униформираниот полициски службеник ќе утврдат дека е сторен прекршок од членот 9 на овој закон ќе поднесат барање за поведување на прекршочна постапка до надлежниот суд.

Член 10-б

Кога државниот пазарен инспектор, државниот санитарен и здравствен инспектор, државниот просветен инспектор, државниот инспектор за труд, униформираниот полициски службеник и комуналниот редар ќе утврдат дека е сторен прекршок од членот 10 на овој закон, на сторителот ќе му врачат покана за плаќање на глобата во рок од осум дена од денот на врачувањето на поканата.

Ако сторителот на прекршок е малолетник во тој случај се постапува согласно со членовите 33, 34, 35 и 52 од Законот за прекршоците ("Службен весник на Република Македонија" број 62/2006).

Ако сторителот на прекршокот од ставот 1 на овој член не ја плати глобата во рокот предвиден во ставот 1 на овој член државниот пазарен инспектор, државниот санитарен и здравствен инспектор, државниот просветен инспектор, државниот инспектор за труд и униформираниот полициски службеник ќе поднесат барање за поведување прекршочна постапака пред надлежен суд.

Во случај на водење на прекршочна постапка судот на сторителот му изрекува глоба во трикратен износ од утврдениот со одредбата на членот наведен во ставот 1 на овој член.

Ако сторителот на прекршокот од ставот 1 на овој член не ја плати глобата во рокот предвиден во ставот 1 на овој член комуналниот редар е должен да поднесе предлог до државниот пазарен инспектор, државниот санитарен и здравствен инспектор, државниот просветен инспектор односно државниот инспектор за труд за покренување на прекршочна постапака пред надлежен суд.

Член 10-в

За прекршокот од членот 10 на овој закон, државниот пазарен инспектор, државниот санитарен и здравствен инспектор, државниот просветен инспектор, државниот инспектор за труд, униформираниот полициски службеник и комуналниот редар се должни на сторителот на прекршокот да му предложат постапка за порамнување пред да поднесат барање за прекршочна постапка.

Кога сторителот на прекршокот е согласен за поведување на постапка за порамнување, државниот пазарен инспектор, државниот санитарен и здравствен инспектор, државниот просветен инспектор, државниот инспектор за труд, униформираниот полициски службеник и комуналниот редар составуваат записник во кој се забележуваат битните елементи на прекршокот, времето, местото и начинот на сторување на прекршокот, описот на дејствието на прекршокот и лицата затекнати на самото место.

Во записникот се утврдува начинот на кој ќе се отстранат штетните последици од прекршокот, како и начинот на надминување на последиците од сторување на прекршокот.

Државниот пазарен инспектор, државниот санитарен и здравствен инспектор, државниот просветен инспектор, државниот инспектор за труд, униформираниот полициски службеник и комуналниот редар можат да му предложат на сторителот надминување на последиците од прекршокот да се стори со вршење или сторување на општокорисна работа во траење од најмалку 24 работни часа или доделување на средства за вршење општокорисна работа.

Средствата ќе се користат наменски за спроведување на промотивни активности за заштита на здравјето на луѓето од штетното дејство на пушењето.

Ако сторителот на прекршокот од ставот 1 на овој член, во рок од осум дена прифати, а не врши општокорисна работа или не додели средства за вршење на општокорисна работа, државниот пазарен инспектор, државниот санитарен и здравствен инспектор, државниот просветен инспектор, државниот инспектор за труд, униформираниот полициски службеник и комуналниот редар ќе поднесат барање за поведување на прекршочна постапка пред надлежен суд.

Министерот за здравство го утврдува видот, висината на чинењето на општокорисната работа за секој прекршок одделно, како и начинот на нејзиното извршување во согласност со министерот за економија, министерот за образование и наука и министерот за труд и социјална политика. Висината на средствата наменети за општокорисна работа не може да биде повисока од висината на пропишаната глоба за прекршокот, при што вредноста на еден час

општокорисна работа изнесува најмалку 100,00 денари, а најмногу 250,00 денари во зависност од видот и сложеноста на општокорисната работа.

Државниот пазарен инспектор, државниот санитарен и здравствен инспектор, државниот просветен инспектор, државниот инспектор за труд, униформираниот полициски службеник и комуналниот редар се должни да водат евиденција за покренатите постапки за порамнување и за нивниот исход.

Член 10 - г

За прекршокот од членот 9 на овој закон државниот пазарен инспектор, државниот санитарен и здравствен инспектор, државниот просветен инспектор и државниот инспектор за труд може на сторителот на прекршокот да му предложи посредување и постигнување на согласност со која сторителот на прекршокот треба да ја плати глобата, другите давачки или да ги отстрани последиците од прекршокот.

Инспекторот од ставот 1 на овој член составува записник за прекршокот во кој се констатира согласноста на двете страни за покренување на постапка за посредување на кој се потпишува и сторителот на прекршокот.

Постапката за посредување се покренува со доставување на записникот од ставот 2 на овој член до Комисијата за посредување, кој инспекторот е должен да го достави во рок од три дена од денот на составувањето и потпишувањето.

Постапката за посредување се води пред Комисијата за посредување формирана од министерот за економија, односно министерот за здравство, односно министерот за образование и наука, односно министерот за труд и социјална политика.

Комисијата за посредување е составена од три члена од кои еден ја врши функцијата на претседател. Членовите на Комисијата се избираат од редот на државните службеници вработени во Министерството за економија, односно Министерството за здравство, односно Министерството за образование и наука, односно Министерството за труд и социјална политика од кои еден е дипломиран правник.

Претседателот на Комисијата е должен постапката да ја започне во рок од 24 часа од денот на доставувањето на записникот.

Комисијата работи на седница на која задолжително присуствуваат претставници на сторителот на прекршокот и државниот пазарен инспектор, односно државниот санитарен и задравствен инспектор, односно државниот просветен инспектор, односно државниот инспектор за труд.

За постигнатата согласност во постапката на посредување се склучува спогодба со сторителот на прекршокот.

Во спогодбата се утврдуваат обврските на сторителот на прекршокот, а особено:

1) висината и начинот на плаќање на глобата;
2) висината и начинот на плаќање на другите давачки и трошоци и
3) мерките кои треба да ги преземе сторителот за отстранување на последиците од прекршокот.

Во случаите во кои е постигната согласност во постапката за посредување, глобата на сторителот за сторениот прекршок може да биде намалена за најмалку половина од максимум пропишаната глоба за прекршокот.

Министерот за економија, односно министерот за здравство, односно министерот за образование и наука, односно министерот за труд и социјална политика донесува деловник за работа на Комисијата за посредување.

Комисијата за посредување е должна да води евиденција за поведените постапки за посредување и за нивниот исход.

Спогодбата од ставот 8 на овој член има сила на извршна исправа.

Ако постапката за посредување не успее се поднесува барање за поведување на прекршочна постапка пред надлежниот суд за прекршоци.

Член 10-д

Прекршочната постапка за прекршоците предвидени во овој закон ја води надлежниот суд.

Пред поднесување на барање за поведување на прекршочна постапка за прекршоците предвидени со овој закон, надлежните министерства од областа на економијата, здравството, образованието, односно трудот, водат постапка за порамнување согласно со Законот за прекршоците.